**Триглав пензиско друштво АД, Скопје**
Бул. 8-ми Септември бр. 18, кат 2
1000 Скопје

triglav

## Триглав Пензиско Друштво АД, Скопје објавува оглас за вработување на
## Внатрешен ревизор во Служба за внатрешна ревизија

Одлична шанса да се приклучите кон реномирана меѓународна финансиска групација и да станете дел од Службата на Внатрешна ревизија, која во соработка со Управниот одбор и Надзорниот одбор на Друштвото обезбедува постоење на, и усогласеност со, системот на интерни контроли и ефикасни оперативни практики.

**РАБОТНИ ЗАДАЧИ И ОДГОВОРНОСТИ**

- Независно и објективно извршување работи и задачи на внатрешно ревидирање на Друштвото и други работи од делокругот на Службата;
- Испитување на усогласеноста на работењето на Друштвото со законските прописи, другите прописи како и со деловната политика и внатрешните акти на Друштвото;
- Оценување на адекватноста и ефективноста на воспоставениот систем на интерна контрола, правила, процедури за работа, постапки и во испитување на функционирање на систем на интерни контроли во Друштвото;
- Подготовка на годишната програма за работа на Службата, периодични извештаи и годишен извештај за работа на внатрешната ревизија;
- Подготвување поединечни извештаи за спроведените ревизии, давање препораки и проверување на остварувањето на препораките за подобрување на состојбата, отстранување на незаконитости и неправилности откриени при спроведување на внатрешна ревизија.

**ПОТРЕБНИ КВАЛИФИКАЦИИ**

- Универзитетска диплома во релевантна област (сметководство и ревизија, финансии или еквивалентна област);
- 2 години релевантно работно искуство во областа на внатрешна/надворешна ревизија;
- Професионална квалификација ќе се смета како предност (овластен ревизор, CIA, ACCA);
- Пожелно, но незадолжително познавање на регулативата од областа на задолжително и доброволно капитално финансирано пензиско осигурување;
- Одлични комуникациски и организациски способности, како и способност за независна и самостојна работа;
- Способност за критичко и аналитичко мислење, антиципативно расудување и одлучување, како и усно и писмено известување;
- Стручно користење на MS Office;
- Пожелно познавање на српско-хрватски јазик (вербално и писмено).

**НУДИМЕ**

- Интересна и динамична работа;
- Можност за личен и стручен развој;
- Работа со современи технологии и непрекинато стекнување нови знаења;
- Соработка на проекти во меѓународна околина;
- Стручно усовршување, посета на курсеви за дополнување на знаењето;
- Работно место во седиштето на Друштвото во Скопје.

Доколку сте заинтересирани и квалификувани за наведената позиција, Ве молиме аплицирајте со поднесување на Вашето CV на македонски јазик на info@triglavpenzisko.mk

Пријавувањето можете да го извршите **најдоцна до 31 март 2021**.

**Единствено квалификуваните кандидати во потесен избор ќе бидат понатаму контактирани.**